Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Петок, 24 ноември 1950 год.
Бр. 31 Год. VI

Овој број чини 6 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

206

Врз основа на чл. 20 ст. 1 од Основната уредба за промет со запаливи течности (Службен лист на ФНРЈ број 58 од 7 јули 1948 година) и чл. 3 точка 3 од Основниот закон за прекршоците, во согласност со Претседателот на Владата, пропишувам

ПРАВИЛНИК
ЗА ДРЖЕЊЕ И СМЕСТУВАЊЕ НА ЗАПАЛИВИ ТЕЧНОСТИ

Член 1

Во продавниците на мало, во занаетските претпријатија и работилници за дневна употреба, во магацините на занаетските работилници и претпријатија, во приватните жилишта, како и во подземните тенкови и движните пумпи што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај, можат да се држат запаливи течности од чл. 1 на Основната уредба за промет со запаливи течности само спрема одредбите на овој правилник.

Член 2

Во продавниците на мало можат да се држат запаливи течности од I група до 10 литра, од II група до 20 литра и од III група до 40 литра.

Член 3

Во занаетските работилници можат да се држат запаливи течности од I група до 15 литра, од II група до 30 и од III група до 60 литра.

Член 4

Во продавниците на мало и во занаетските работилници можат да се држат запаливи течности само на места специјално за тоа одредени. Во просторството на еден метар од овие места не смеат да се држат други предмети. Исто така овие места не смеат да бидат во близина на предмети што можат да произведат искри или топлина, како и воопшто во близина на експлозивни и лесно запаливи предмети.

Член 5

Со дозвола од поверенството на внатрешните работи на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор на чие подрачје се наоѓа подавницата односно занаетското претпријатие, продавниците на мало и занаетските работилници можат во посебни простории да држат запаливи течности во количини поголеми од наведените во чл. 2 и 3 од овој правилник, и тоа: од I група до 250 литра, од II група до 500 литра и од III група до 1000 литра.

Надлежното поверенство на внатрешните работи при издавањето на дозволата за држење на запаливи течности во посебните простории на продавниците на мало и занаетските работилници може да одреди и помали количини од одредените во претходниот став, ако најде да тоа го налагаат потребните мерки на претпазливост со оглед состојбата на просториите во кои запаливите течности ќе се држат.

Член 6

Во продавниците на мало, занаетските работилници и посебните простории на истите може да се држи сумпор-јагленик во количини што одговараат на 1/5 од количините прописани во претходните членови за запаливите течности од I група.

Член 7

Во приватните жилишта можат да се држат само такви врсти запаливи течности што служат за осветление и други потреби на домаќинството и тоа во следните количини: запаливи течности од прва група до 2 литра, од друга и трета група до 10 литра.

Член 8

Во подземните тенкови за снабдување на автомобилскиот сообраќај можат да се држат запаливи течности од прва група (бензин или друга течност што служи за автомобилски погон) до 20.000 литра.

Во движните пумпи што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај можат да се држат запаливи течности од прва група (бензин или друга течност што служи за автомобилски погон) до 200 литра.

Член 9

Во приватните жилишта запаливите течности мораат да се држат во затворени лимени или стаклени садови. Стаклените садови мораат да бидат осигурени од надворешни повреди по таков начин што ќе бидат оплетени со трска, прачки или слично.

Во продавниците на мало и во занаетските работилници можат да се држат запаливи течности само во метални садови, нарочно изработени за таа цел, со чепови и сигурни затворачи. Под чепот мора да биде ставен мал метален сад за собирање на евентуалните капки од запаливата течност.

Запаливи течности во количини над 200 литра мора да се држат во метални буриња. Буриња со запаливи течности од I и II група мора да бидат од железни или челични плочи и да имаат најмалку два обрача за појакнување.

Садовите во кои се чуваат запаливи течности мора секој пат да бидат добро затворени, така да парата не излегува. Отворите на садовите треба повремено да се прегледуваат за да се провери чеповите или затворачите да не попуштиле.

Затворени садови можат да содржат запаливи течности најмногу до 95% од својата запремина, а садовите во кои се држи сумпор-јагленик или етар до 90 од сто.

На садовите со запаливи течности мора да има видлив и јасен натпис "Пази, запаливо"!

Член 10

Садовите со запаливи течности како и празните садови во кои имало запаливи течности, не смеат да се држат близу печки, оџаци, инсталации на парно, гасно или друго централно или етажно греење, мотори, трансмисиони постројки, како и близу експлозивни и лесно запаливи предмети.

Исто така овие садови не смеат да се држат на прозорци, басамаци, ходници, како и на отворен простор, во дворови и други слични места, нити да бидат изложени на сонце и топлина.

Просториите во кои се држат запаливи течности од I група не смеат да се затоплуваат.

Член 11

Преточување на запаливи течности може да се врши само дење.

При работењето со запаливи течности не смее да се пуши, нити во близина на запаливата течност да се пали оган, како: кибрит, секала (чакмаци) и слично.

Член 12

Посебните простории на продавниците на мало и занаетските работилници мораат да бидат изградени од негорлив материјал.

Овие простории мораат да бидат снабдени со електрично осветление, а ако такво нема за осветление можат да се употребуваат само ламби со осигурена светлост.

Во внатрешноста на просторијата не смее да има електрични прекинувачи, шалтери и осигурувачи, а електричните водови мораат да бидат добро изолирани и инсталирани во ѕидовите.

Електричните ламби мораат да бидат заштитени или со густа мрежа од жица или со уште едно заштитно стакло, така да е невозможно разлетување на топло стакло при евентуално пукање на сијалицата.

Член 13

Посебните простории во кои што се сместени запаливи течности мора да се држат секој пат затворени со клуч. Во истите можат да влегуваат само одредени лица од продавницата или работилницата, како и овластени контролни органи, но само во присаство на раководителот на продавницата односно работилницата.

Член 14

Во посебните простории во кои се држат запаливи течности не смеат да се држат други предмети. Во истите мора да се одржува ред и чистоќа.

Исто така во овие простории не смее да се пуши, пали оган како: кибрит, секала (чакмаци) и слично, нити да се внесува предмет што гори.

Член 15

Продавниците на мало што продаваат запаливи течности, занаетските работилници што употребуваат запаливи течности, како и посебните простории на продавниците на мало и занаетските работилници во кои што се чуваат запаливи течности, мораат да бидат снабдени со рачен апарат за гасење на пожар со тетрахлорјагленик или со јаглена киселина, како и со сандаци со песок и лопати.

Член 16

Подземните тенкови што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај мораат да бидат изградени спрема прописите на глава III и IV од Наредбата на изградба на магацини за држење запаливи течности (Службен лист на ФНРЈ број 19 од 5 март 1949 год.).

Местото на кое што можат да се градат подземни тенкови за снабдување на автомобилскиот сообраќај го одредува надлежното поверенство на внатрешните работи, водејќи сметка да со поставувањето на овие тенкови не се пречи на јавниот сообраќај, како и околината да не се доведува во опасност во случај на пожар.

Полнење на подземните тенкови што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај може да се врши само со специјален тенк што служи за превоз на запаливи течности. Полнење од помали садови (железни буриња) не може да се врши.

Источување на запаливи течности од подземните тенкови што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај може да се врши само со помошта на пумпа или притисок на заштитни гасови (јаглена киселина или слично), кои што смешани со парата на запаливата течност не се експлозивни.

Полнење и источување на запаливи течности од овие тенкови може да се врши само дење.

Член 17

Движни пумпи за снабдување на автомобилскиот сообраќај можат да се поставуваат покрај јавни патишта, во малку прометни улици или покрај посебен пристапен пат. Пумпата мора да биде оддалечена од раскрсници најмалку 25 метра. Покрај возилото што е паркирано до пумпата мора да има место за слободно минавање на најмалку две возила.

Местата каде можат да се поставуваат движни пумпи за снабдување на автомобилскиот сообраќај ги одредува поверенството на внатрешните работи, водејќи сметка да со поставувањето на овие пумпи не се пречи на јавниот сообраќај.

Источување од движни пумпи може да се врши само од резервоар сограден под движната пумпа или од железно буре. Пумпата мора да биде сврзана со резервоарот или бурето со метални цевки или со јако

специјално црево. Движната пумпа мора да има цевка за одвод на гасови што настануваат со испарувањето на запаливата течност. Цевката за одвод на гасови мора да биде снабдена со направа која ќе спречува влегување на било какви предмети во пумпата. Сите спојни места помеѓу цевките, пумпата, резервоарот или бурето, како и апаратот за мерење, мораат да бидат потполно затегнати, така да е исклучено секакво растурање на течноста. Запаливата течност што евентуално се растура од движната пумпа мора да се собира во посебен сад, а нарочно треба да се внимава евентуално растурената запалива течност да не достигне до канализационата мрежа.

Член 18

Со парична казна до 20.000 динари или со казна поправителна работа до 2 месеца, во колку деанието не претставува кривично дело, ќе се казни:

1. кој држи запаливи течности противно на одредбите од чл. 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој правилник;

2. кој врши преточување на запаливи течности противно на одредбите од чл. 11, чл. 16 ст. 3, 4 и 5 и чл. 17 ст. 3 на овој правилник;

3. кој подигнува подземни тенкови или поставува подвижни пумпи за снабдување на автомобилскиот сообраќај без дозвола од надлежното поверенство на внатрешните работи;

4. кој посебните простории во кои што се сместени запаливи течности ги држи незаклучени, во истите држи и други предмети, не одржува во нив ред и чистоќа, дозволува во нив да влегуваат неовластени лица, како и да се пуши, пали огин или внесуваат предмети што можат да причинат пожар.

Член 19

Административно-казнената постапка по прекршоците од претходниот член во прв степен ќе ја води поверенството на внатрешните работи на околискиот, градскиот односно реонскиот народен одбор по прописите на Основниот закон за прекршоците.

Член 20

Кој што сака да држи запаливи течности должен е во срок од еден месец од влегувањето во сила на овој правилник да го сообрази држењето со прописите на овој правилник.

Од предното се изземаат изградените подземни тенкови што служат за снабдување на автомобилскиот сообраќај, за кои важат одредбите на член 21 од Основната уредба за промет со запаливи течности.

Член 21

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 16889, 15 септември 1950 година, Скопје

Министер
на внатрешните работи
на НРМ,
Цветко Узуновски, с. р.

Согласен:
Претседател
на Владата на НРМ,
Лазар Колишевски, с. р.

207

По укажаната потреба и со цел да се опфатат поуспешно в училиште децата што подлежат на задолжително школување, а по предлог на Народните одбори на градовите Битола, Крушево и Неготино и на Народниот одбор за Скопска околија, го донесувам следното

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВАРАЊЕ ОСМОЛЕТКИ ВО ГРАДОВИТЕ БИТОЛА, КРУШЕВО И НЕГОТИНО И ВО СЕЛОТО ДРАЧЕВО

1. Во град Битола се отвараат две осмолетки со македонски наставен јазик;

2. Во град Крушево се отвара осмолетка со македонски наставен јазик;

3. Во град Неготино се отвара осмолетка со македонски наставен јазик и

4. во село Драчево, Скопска околија се отвара осмолетка со македонски наставен јазик.

5. Отворените осмолетки к'е отпочнат со наставата во почетокот на учебната 1950/51 година.

6. Ова решение влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 10885, 2 октомври 1950 год. Скопје

Министер за просвета,
Димче Стојанов — Мире с.р.

208

Со цел училишната мрежа да се сообрази со новиот систем за остварување на задолжителното осмогодишно школување и за да се овозможи посистемно спроведување на тоа школување, го донесувам следното

РЕШЕНИЕ

ЗА УКИНУВАЊЕ НА НЕПОЛНИ ГИМНАЗИИ

1. Се укинуваат следните неполни гимназии:

а) Неполната гимназија „Стив Наумов" во Битола;

б) Неполната гимназија „Рампо Левката" во Прилеп;

в) Неполната гимназија „Никола Карев" во Крушево;

г) Неполната гимназија „Страшо Пинџур" во Неготино;

д) Неполната гимназија „Крсте Мисирков" во Куманово;

г') Неполната машка гимназија „Орце Николов" во Скопје и

е) Неполната женска гимназија „Кузман Јосифовски —Питу во Скопје.

2. Укинатите гимназии к'е престанат со работа во почетокот на учебната 1950/51 година и учениците од истите к'е преминат во соответните осмолетки.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 10705, 28 септември 1950 год. Скопје

Министер за просвета,
Димче Стојанов — Мире с.р.

209

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје надлежно по член 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи го предметот одобрување, основањето и работата на „Тешко атлетскиот сојуз на Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје донесе следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА „ТЕШКО АТЛЕТСКИОТ СОЈУЗ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" СО СЕДИШТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Одобрува основањето и работата на „Тешко атлетскиот сојуз на Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје а со право на дејност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Такса по тарифен број 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје на ден 3-V- 1950 год. С. бр. 7047/50.

П-11-202

210

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје надлежно по чл. 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување основањето и работата на Друштвото ,на математичарите и физичарите од Народна Република Македонија со седиште во град Скопје донесе следното: —

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА „ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" СО СЕДИШТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Одобрува основањето и работата на „Друштвото на математичарите и физичарите од Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје, а со право на дејност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Такса по тарифен број 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешни работи на Народна Република Македонија — Скопје на ден 22-V-1950 год. под С. бр. 9050/50 г.

П-11-203

211

Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 13 буква г од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување основањето и работата на Смучарскиот сојуз на НР Македонија со седиште во град Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА "СМУЧАРСКИОТ СОЈУЗ" НА НРМ СО СЕДИШТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Одобрува основањето и работата на "Смучарскиот сојуз на Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје, а со право на дејност на подрачјето на Народна Република Македонија.

Такса по Тар. бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството за внатрешни работи на Народна Република Македонија на ден 16 август 1950 год. под бр. 14117/50 год. П-6-300

212

З А П И С Н И К

ОД II-та СЕДНИЦА НА VIII-то РЕДОВНО ЗАСЕДАНИЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ ОДРЖАНА НА 18 СЕПТЕМВРИ 1950 Г. ВО СКОПЈЕ

Претседава: Претседателот Д-р Димитар Несторов
Секретар Владо Малески

Претседателот Д-р Димитар Несторов ја отвори втората седница на VIII-то редовно заседание на Народното собрание на НРМ во 17 часот.

Прочитаниот записник од првата седница Собранието го прими без забелешка.

Пред да премине на дневниот ред Претседателот соопштува:

1. Владата на НРМ му поднела на Собранието на решавање Предлог на одлуката за потврдување на уредбите на Владата на НРМ донесени во периодот од 1 јуни до 18 септември 1950 година.

2. Народниот пратеник Киро Миљовски со група народни пратеници му поднесе на Собранието предлог за основање Анкетен одбор на Народното собрание на НРМ за испитување системата и состојбата на снабдувањето во Народна Република Македонија.

3. Народниот пратеник Ката Лахтова со група народни пратеници му поднесе на Народното собрание на НРМ предлог за основање Анкетен одбор на Народното собрание на НРМ за испитување на откупната система во Народна Република Македонија.

4. Президиумот на Народното собрание на НРМ достави на Собранието писмо бр. 1080 од 18 септември 1950 година со кое бара да се разреши еден член на Президиумот.

5. Десет народни пратеници му поднесоа на Народното собрание на НРМ предлог да се донесе одлука за распуштање Народното собрание на НРМ.

По предлог на Претседателот, Собранието одобрува отсуство на народните пратеници: Борис Алексовски, Благоја Талевски, Васил Карчовски, Лазе Милошевски, Љуба Богоева и Ванчо Стоилков.

Претседателот Д-р Димитар Несторов му предложи на Собранието да се дополни дневниот ред со предлозите така што предлозите под 1, 2, 3, 4 и 5 да

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОГЛАСЕН ДЕЛ

Бр. 31 Скопје, 24 ноември 1950 година Год. VI

СЛУЖБЕНИ ОГЛАСИ

Градското народно претпријатие за народни имоти во град Битола, а согласно Наредбата на Градскиот народен одбор — Битола, објавува на сите наематели кои држат под наем наши згради, локали и друго, да се јават во Претпријатието за народни имоти во град Битола за следното:

1. Сите наематели се должни при уселувањето и иселувањето да се пријават во Претпријатието за народни имоти во град Битола, во колку не ќе се пријават наемот ќе тече на нивни терет се дури не се одјават.

2. Секаква поправка на народен имот без наше одобрение не ќе се признава а сите трошкови ќе бидат на терет на наемателот.

3. Се ставува на знание да сите претпријатија, установи како и друштвени организации кои држат под наем наши згради, да ја внесуваат киријата унапред на наша текушта сметка бр. 692006 при Комунална банка во град Битола, а приватниците на благајната при Дирекцијата на народни имоти во град Битола.

За неисполнение на горното ќе се земат строги мерки преку народната власт.

Од Претпријатието за народни имоти во град Битола. II-10-178

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКОЛИСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Васка Јованова Лукова Малешевик, од град Скопје подаде против мажот и Јован Лука Малешевиќ тужба за развод на бракот. Бидејќи туженият Јован е со непознато местожителство и неизвестен адрес, согласно уверението на Народниот одбор за II реон за град Скопје број 12889 од 29 септември 1950 година, се повикува да се во срок од еден месец по излегувањето на овој оглас во "Служб. весник на НР Македонија" јави или одреди свој заступник. Во противен случај судов експозицио го одредува Јордан Панзов Стојанов, адвокат од Скопје, кој ќе го заступува на негови разноски.

Од Околискиот суд во Скопје Г. 1140/50. I-9-158

Марика Сотирова Чагорова од град Скопје подаде против Сотир Чагоров тужба за развод на бракот. Бидејќи туженият Сотир е со непознато местожителство и неизвестен адрес, согласно уверението издадено од Местен народен одбор за селата Кажани Маловиште и Доленци — Битолска околија број 829/50 од 19 август 1950 година се повикува да се во срок од 15 дена јави или одреди свој заступник. Во противен случај судов го одредува Јордан Панзов Стојанов, адвокат од Скопје кој ќе го заступува на негови разноски.

Од Околискиот суд во Скопје Г. 1014 1950 година. I-8-153

Ангелина Вареш, од град Скопје подаде против мажот и Стево Вареш тужба за развод на бракот. Бидејќи туженият Стево е со непознато местожителство и неизвестен адрес, согласно уверението на Надодниот одбор за II реон на град Скопје број 11079 од 9 октовври 1950 година, се повикува да се во срок од еден месец по излегувањето на овој оглас во "Службен весник на НР Македонија" јави или одреди заступник. Во противен случај судов екс-официо го одредува Јордан Панзов Стојанов, адвокат од Скопје кој ќе го заступува на негови разноски.

Од Околискиот суд во Скопје Г 1159/1950 год. I-9-159

Трајко Митов Беќаровски, од град Скопје подаде против жена си Митана Георгиева Ланзакова, тужба за развод на бракот. Бидејќи тужената Митана е со непознато местожителство и неизвестен адрес, согласно уверението издадено од Народниот одбор — IV реон — Скопје број 12333 од 16 август 1950 година, се повикува да се во срок од 30 дена јави или одреди свој заступник. Во противен случај судов го одредува Јордан Панзов Стојанов, адвокат од Скопје, кој ќе го заступува на негови разноски.

Од Околискиот суд во Скопје Г. 938 1950 год. I-9-154

ОКОЛИСКИОТ СУД ВО РЕСЕН

По бракоразводната тужба на Цара Тасевска, од село Крани Ресенско, против Симо Тасевски, од село Перово, сега во Америка со непозната адреса, судот за водење на овој спор му одредува за застапник лицето Царовски Тасев Илија, од село Перово, кој ќе го заступува во ова парница до крај..

Од Околискиот суд во Ресен, Г. бр. 79/1950 год. од 21 септември 1950 год. I-8-149

РЕГИСТРАЦИИ НА ДРЖАВНИ СТОПАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

од Републиканско значение

Министерството на финансиите на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија, објавува:

Врз основа решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 7299 од 20-VI-1950 год. уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение на страна 299 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Претпријатие за далеководи и трафостаници со седиште во Скопје.

Претпријатието беше претпријатие од општо државно значение и со Указот на Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ бр. 145 од 7-II-1950 год. пренесено е на Управата на органите на Владата на НРМ, а со решението на Владата на НРМ бр. 1942 од 5-VI-1950 год. продолжува да работи како претпријатие од републканско значение.

Административно-оперативно раководство на претпријатието е: Генералната дирекција за електростопанство — Скопје.

Предмет на работата на претпријатието е: изградување и монтажа на далеководи и мерки, висок напон и монтажа на трансформаторски станици.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Димитар Треневски, во границите на овластувањето.

Бр. 7299 од Министерството на финансиите на НРМ. II-14-256

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ број 7906 од 4 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 306 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Свиларски комбинат со седиште во Титов Велес.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ број 1935 од 5 јуни 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е произведување и продажба на греж, свилени сировини, боени и штампани ткаинии од природна и вештачка свила, шап свилено предиво и ткаинии од шап свилено предиво.

Административно- оперативен раководител на претпријатието е: Генерална дирекција за текстилна и кожарска индустрија.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Петар Тучев, во границите на овластувањето.

Број 7906 од Министерството на финансиите на НРМ 4 јули 1950 година. II-16-290

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ број 9222 од 28 јули 1950 година. уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 322 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Претпријатие за подигнување на ветрозаштитни шумски појаси "Кумановско поле" со седиште во Куманово.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ број 2346 од 4 јули 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е подигање на ветрозаштитни шумски појаси, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно- оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Стаменко Миланов Богдановски, во границите на овластувањето.

Бр. 9222 од Министерството на финансиите на НРМ 28 јули 1950 година. II-16-294

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ број 9223 од 28 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 321 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Претпријатие за подигнување на ветрозаштитни шумски појаси "Тиквешко поле" со седиште во Кавадарци.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ број 2347 од 4 јули 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е подигање на ветрозаштитни шумски појаси, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно- оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Трајко Мрков Апев, во границите на овластувањето.

Број 9223 од Министерството на финансиите на НРМ 28 јули 1950. година. II-16-298

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 9224 од 28 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 320 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Претпријатие за подигнување на ветрозаштитни шумски појаси "Битолско поле" со седиште во Битола.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 2348 од 4 јули 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е подигање на ветрозаштитни шумски појаси, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно- оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Диме Андонов Стерјоски, во границите на овластувањето.

Број 9224 од Министерството на финансиите на НРМ 28 јули 1950 година. II-16-297

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ број 9225 од 28 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 319 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Претпријатие за подигнување на ветрозаштитни шумски фиданки "Прилепско поле" со седиште во Прилеп.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ број 2349 од 28 јули 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е подигање на ветрозаштитни шумски појаси, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно- оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Виден Миленов Стојановски, во границите на овластувањето.

Број 9225 од Министерството на финансиите на НРМ 28 јули 1950 година. II-16-295

Врз основа решението на Министерството на финансиите на НРМ број 7230 од 20 април 1950 година уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение на страна 296 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма: Аутотранспортно претпријатие за превоз на патници "Пролетер" со седиште во Скопје.

Врз основа решението на Владата на НРМ број 1933 од 5 јуни 1950 година претпријатието е основано со фузија на следните претпријатија: Претпријатие за превоз на патници "Пролетер" во Скопје и Претпријa-

тие за ауто-транспорт и шпедиција во Скопје.

Предмет на работата на претпријатието е: превоз на патници со леки коли и аутобуси.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е Министерството за сообраќај на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Цветковски Г'оре, во границите на овластувањето .

Број 7230 од Министерството на финансиите на НРМ 20 јуни 1950 година. П-12-216

Врз основа решението на Министерството на финансиите на НРМ број 8423 од 10 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија на инвалидските организации на страна 39 инвалидско претпријатие под фирма: "Инвалидско занаетчиско производително претпријатие" со седиште во Прилеп.

Претпријатието е основано со решение на Градскиот одбор на Сојузот на воените инвалиди од војната на Македонија во Прилеп број 8 од 19 декември 1949 година.

Предмет на работата на претпријатието е: сите работи кои се однесуваат на редовно производително пословање и то: шекерџиска, тенекегиска, слаткарска, леблебецилук, халанцилук, огледалук, електро-инсталатерство, фото-ателство, воденичко-млинарски, мразарлук, сода-вода, бојаџилук, и сите работи што спаѓаат под услужни сектор на стопанисување.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Градскиот-околискиот одбор на Сојузот на воените инвалиди од војната во Прилеп.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Димески Благоја, во границите на овластувањето.

Број 8423 од Министерството на финансиите на НРМ од 19 јули 1950 год. П-13-246

Од Локално Значение

На основание решението на Околискиот народен одбор — Поверенство за финансии — Крива Паланка број 12090 од 5 септември 1950 година записано е во регистерот на државните стопански претпријатија под фирма: Претпријатие за откуп на земјоделски производи, стока и сточни производи "Чупино Брдо" со седиште во град Крива Паланка.

Претпријатието е основано со решение на Околискиот народен одбор во Крива Паланка број 12090 од 5 септември 1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е да врши откуп на земјоделски производи, стока и сточни производи и истите ги продава на пазарот.

Административно оперативен раководител на претпријатието е: Околискиот народен одбор — Поверенство за државни набавки — Крива Паланка.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Гроздан Јакимовски, директор на претпријатието во рамките на Правилникот за организација и работата на претпријатието.

Број 12090 од 20 септември 1950 година.

П-20-363

На основание решението на Околискиот народен одбор — Титов Велес број 27 од 20 јули 1950 година уписано е во регистерот на државните стопански претпријатија под фирма: Околиско занаетчиско производително претпријатие "Шукри Али" во Титов Велес.

Претпријатието е основано со решение на Околискиот народен одбор — Титов Велес број 27 од 20 јули 1950 година.

Предмет за работата на претпријатието е: да произведува коларо-ковачки производи.

Административно оперативен раководител на претпријатието е: Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во Титов Велешка околија.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува лицето Коле Ристов Неделковски, директор на претпријатието.

Број 11734 од Околискиот народен одбор — Титов Велес. П-18-340

ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТЕРОТ

Од Републиканско значение

Министерството на финансиите на НРМ во смисол на чл. 17 од Основнист закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија, објавува:

Со решение на Министерството на индустријата и рударството на НРМ број 149 од 17 март 1950 година Симеон Стојчев е назначен за директор на фабрика за тестенини со седиште во Кочани и на должност стапил на 1 јуни 1950 година од кој ден има право да ја потпишува фирмата во границите на овластувањето.

Со решение на Министерството на индустријата и рударството на НРМ број 148 од 17 март 1950 година разрешен е од должноста досегашен директор Панче Наков и од 1 јуни 1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Број 6891 од Министерството на финансиите на НРМ 14 јуни 1950 година. П-14-265

Со решение на Министерството на трговија и снабдување на НРМ број 148 од 1 јуни 1950 година Борис Јанев е назначен за директор на Трговско претпријатие за промет со метални, градежни и хемиски материјали "Ангрометал" со седиште во Скопје и на должност стапил на 1 јуни 1950 година од кој ден има право да ја потпишува фирмата во границите на овластувањето.

Со решение на Министерството на трговија и снабдување на НРМ број 150 од 1 јуни 1950 година разрешен е од должноста досегашен директор Васил Јосифовски и од 1 јуни 1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Број 7026 од Министерството на финансиите на НРМ 27 јуни 1950 година. П-12-219

Со решение на Министерството на трговија и снабдување на НРМ број 208 од 17 јули 1950 година Г'око Михајловски е назначен за директор на Трговско претпријатие за промет со текстил и обувки "Ангротекстил" со седиште во Скопје и на должност стапил на 17 јули 1950 од кој ден има право ла ја потпишува фирмата на границите на овластувањето.

Со решение на Министерството на трговија и снабдување на НРМ број 213 од 17 јули 1950 година раз-

решен е од должноста досегашен директор Славе Тоневски и од 17 јули 1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Број 9231 од Министерството на финансиите на НРМ 7 јули 1950 година. II-16-293

Со решението на Владата на Народна Република Македонија број 1176 од 6 април 1950 година фирмата и седиште на претпријатието Шумско експлоатационо претпријатие "Рожден" со седиште во Демир Капија се менува и гласи: Шумско експлоатационо претпријатие "Висока Чука" со седиште во село Милетково.

Број 4339 од Министерството на финансиите на НРМ 28 април 1950 година. II-9-170

Со решение на Главната дирекција на метална индустрија број 67 од 11 јули 1950 година овластен е Бошко Миланов Манчевски шеф на комерцијалното одделение да во случај на спреченоста и отсутноста на директорот на претпријатието Индустриски сервис за снабдување на индустријата ја потпишува фирмата на претпријатието во границите на овластувањето.

Број 8444 од Министерството на финансиите на НРМ. II-16-291

Од Локално значение

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје број 3850 од 19 јуни 1950 год. е назначен за директор на Градската фабрика за тули и керамиди "Пролетер" Скопје Тихомир Голубовиќ и на должност стапил на 1 јули 1950 година од кој ден има право да ја потпишува фирмата во границите на овластението.

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Скопје број 3850 од 19 јуни 1950 год. разрешен е од должност досегашниот директор, Шаип Сефер, и од 1 јули 1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.
Бр. 4699 од 25 јули 1950 год. II-15-277

Со решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Крушево број 472 од 28 јуни 1950 година Харила Бидин е назначен за директор на Околиското трговско претпријатие со седиште во град Крушево и на должност стапил на 1 јули 1950 година од кој ден има право фирмата да ја потпишува.

Со истото решение на истиот Извршен одбор разрешен е од должност досегашниот директор Ила Кардула и од 1 јули 1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Број 8818 од Околискиот народен одбор — Крушево. II-14-253

Со решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Г'орче Петров број 8199 од 20 јули 1950 година Љубо Беланчевски е назначен за директор на Локалното занаетчиско, услужно, производително претпријатие "Пчела" — Г'орче Петров и на должност стапил на 20 јули 1950 година од кој ден има право фирмата да ја потпишува.

Со истото решение на истиот Извршен одбор разрешен е од должност досегашниот директор Иван Вишњевски од кој ден му престанува правото фирмата да ја потпишува.

Број 8199 од Околискиот народен одбор на Г'орче Петровска околија. II-15-280

Со решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на Г'орче Петровска околија број 8073 од 17 јули 1950 година Никола Тунцовски е назначен за директор на Производителното претпријатие "Шар" со седиште во Г'орче Петров и на должност стапил на 1 август 1950 година од кој ден има право фирмата да ја потпишува.

Со истото решение на истиот Извршен одбор разрешен е од должност досегашниот директор Веле Велевски од кој ден му престанува правото фирмата да ја потпишува. II-14-249

Со решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор — Крушево број 544 од 27 јули 1950 година Тома Ангелевски е назначен за директор на Околиското стопанско претпријатие "Мише Ефтимов" со седиште во Крушево и на должност стапил на ден 1 август 1950 година од кој ден има право фирмата да ја потпишува.

Со истото решение на истиот Извршен одбор разрешен е од должност досегашниот директор Стојан Нинески од кој ден му престанува правото фирмата да ја потпишува.

Број 9951 од Околискиот народен одбор Крушево. II-16-289

Со решение на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на Демир Хисарска околија број 6670 од 9 август 1950 година Пиргановски Пецо е назначен за директор на Околиската аптека со седиште во Демир Хисар и на должност стапил на 1 август 1950 година од кој ден има право фирмата да ја потпишува.

Лицата Димовски Ристо — книговодител и Консуловски Мито — благајник остануваат исти.

Со решение број 3361 од 6 април 1949 година на истиот одбор разрешен е од должност досегашниот директор Милан Мотевски од кој ден му престанува правото фирмата да ја потпишува.

Број 6683 од Околискиот народен одбор на Демир-Хисарска околија. II-16-288

Врз основа решението број 100 на Пленумот на Околискиот народен одбор — Гостивар се променува називот на Околиското земјоделско стопанско претпријатие "Томо Шумски" со седиште во Гостивар така да во иднина истиот гласи Околиско земјоделско стопанство "Пролетер" — Гостивар.

Број 100 — 1950 II-15-279

Од Регистерот на државните стопански претпријатија од локално значение на страна 6 избрисано е претпријатието Градска економија со седиште во град Кичево, затова што истото врз основа на решението на Околискиот народен одбор — Кичевр под број 9/1950 година се фузионира кон Околиската економија.

Од Околискиот народен одбор — Поверенство за финансии во Кичево.

Број 5980 од 3 јули 1950 год. II-12-224

ЛИКВИДАЦИИ

Младинското новинско книгоиздавачко претпријатие "Ново поколение" соопштува дека од 1. XI. о.г.

престанува со својата работа и се навог'а во ликвидација. За сите работи и прашања, дуговања плак'ања, рекламации во поглед на неприменети примероци, отпис и за сите останати рекламации кои се настанати до 1. XI. 1950 година треба да се обратат до ликвидационата комисија на овоа претпријатие заклучно со 31. XI. 1950 година.

По истекот на овој рок нема да се признаваат никакви барања, а долговите ке се наплатуваат со законска правна постапка.

Од Ликвидационата комисија

Со одлука на Претседателството на Владата на ФНРЈ број IV-4280 од 18 август 1950 година одредена е ликвидација на Војно граѓевинско претпријатие "Прогрес" — Београд и е назначена ликвидациона комисија за ликвидација на истото.

Се повикуваат поверителите и должниците на дотичното претпријатие да во срок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас во "Службен весник на НРМ", ги пријават своите протражувања, односно долгувања наведувајќи правни основ. Во противно по истекот на овој рок, извршените книжења ќе се сметат за исправни, и никакви потражувања не ќе се признават.

Од ликвидационата комисија

II-19-355

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за невалидни следните изгубени документи:

РАЗНИ ОГЛАСИ

Работничка книшка Рег. број 1558117 издадена од Поверенство на трудот во Гевгелија на Благој Г. Христов ул. Петар Бесов, број 14 — Гевгелија. 1938

Инвалидска исплатна книшка број 002759 издадена од Министерство за социјални грижи — Скопје на Филона Фармакоска село Долна Белица — Струга. 2051

Два блока контролни белешки за извоз на дрвени материјали од бр. 22001—22200 издадени од ОНО — Пов. за шумарство — Гостивар на Целил Незири, село Падалиште — Гостивар. 2097

Свидетелство за завршен III-клас гимназија, издадено од Гимназија — Берово под бр. 29 од 1943 год. на Војо Мустачки, село Црник — Берово. 2206

Работничка книшка издадена од Поверенство на трудот во Титов Велес на Костадин Т. Трајков, село Рашкани — Титов Велес. 2215

Потрошачка карта II-категорија под број 487 серија "Ц" и потрошачка карта за текстил и чевли "М" серија А-2 на Крсте Гроздановски, милиционер при УНМ — Тетово. 2316

Сообраќајна книшка од велосипед бр. 554783 Рег. бр. 5153 на Илија В. Апостоловски, село Милетино — Тетово. 2489

Свидетелство за завршен I-клас гимназија "Стиф Наумов" — Битола под број 25 през 1949—1950 год. на Лозановски Борис Илиев, село Могила — Битола. 2709

Свидетелство за IV-оделение под бр. 43 през 1945—1946 година, на Стојан Гигов Велинов, село Теранци — Кочани. 2724

Свидетелство издадено од гимназија во Штип на Ружа Анакиева Коцева, село Крупиште — Штип. 2765

Свидетелство за завршен IV-разред гимназија издадено од гимназија "Коста Сусинов" — Радовиш на Димитар Стојанов Томов, село Ињево — Радовиш. 2856

Свидетелство за завршен учителски курс издадено од Учителска школа во Скопје на Сали Нумановски 2907

Сообраќајна книшка под бр. 363 издадена од Сообраќајна милиција во Скопје на Усеин Керимов — Скопје. 2910

Свидетелство за завршен V-разред гимназија во Кочани под бр. 452 на Анка Кочачева — Кочани. 3049

Потрошачка карта за храна издадена од Министерство за внатрешни работи — Скопје на Нухи Бајруш — Скопје. 3082

Оружен лист на ловна пушка бр. 5605 издадена од ПВР при ОНО — Струга на Колоња Емрулов Емин, село Радолиште — Струга. 3273

Ловна дозвола за 1950 година под бр. 102150 издадена од ОНО — Струга на Колоња Емрулов Емин, село Радолиште — Струга. 3274

Возачки документи бр. 2964/16 издадени од Пов. за внат. работи при ГНО — Куманово и книшка за моторни возила бр. 301 издадена од Пов. за внат. работи при ОНО — Кратово на Арсовски Славев Божин, село Псача — Крива Паланка. 3304

Колска книшка на Градски Аутопревоз — Скопје. Скопје. 3350

Работничка книшка под бр. 2376893 издадена од Пов. на трудот при ГНО — Титов Велес на Панче Лазов Јованов — Титов Велес. 3369

Колска книшка под рег. бр. 5964/49 издадена од Сообраќајна милиција во Скопје на Максут Зекир — Скопје. 3373

